**Понуда за преземање**

НЛБ Банка АД Скопје, Служба за услуги со хартии од вредност, банка регистрирана во Република С.Македонија со службена адреса на ул. Мајка Тереза бр.1, 100 Скопје („Банката,,), во име и за сметка на друштвото Градежен Институт Македонија АД Скопје, со седиште на Ул. Дрезденска 52 Скопје и ЕМБС 4067533 („**Преземач**,,) во согласност со член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва, ја дава следнава

**П О Н У Д А З А П Р Е З Е М А Њ Е**

на 63.892 обични акции со право на глас издадени од акционерското друштво Фабрика КАРПОШ АД Скопје - Друштво за проектирање, производство и монтажа на бетонски префабрикати, станови, индустриски објекти, мостови и далноводи, регистрирано во Централниот регистар на Република С.Македонија со ЕМБС 4054890 и седиште на Ул. Ацо Шопов бр.76 Скопје („Фабрика КАРПОШ АД Скопје,,)

1. Понудата за преземање се однесува на 63.892 акции со право на глас издадени од Фабрика Карпош АД Скопје со ИСИН број: MKFKAR101010 (преземачот веќе поседува 224.739 обични акции, односно 75,14% од вкупниот број на издадени акции). Понудата не се однесува на 10.481 сопствени акции.
2. Понудата за преземање се однесува на сите акционери кои поседуваат обични акции со право на глас издадени од Фабрика КАРПОШ АД Скопје.
   Преземачот се обврзува да ја купи секоја обична акција со право на глас издадена од Фабрика КАРПОШ АД Скопје во согласност со пропишаните и објавените услови.
3. Преземачот се обврзува да ги откупи акциите по цена од 470 денари по акција.
   - Согласно член 14, став 3 од Законот за преземање на акционерски друштва, понудената цена од 470 денари за една акција е утврдена врз основа на просечната цена постигната на Македонската берза во последните 12 месеци пред објавата на намерата за преземање.
4. На имателите на хартии од вредност издадени од Фабрика КАРПОШ АД Скопје нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на Понудата за преземање, односно трошоците кои ги наплаќа Централниот депозитар за хартии од вредност и исплатата на паричните средства ќе ги сноси Преземачот.
5. Согласно член 34 од Законот за преземање на акционерските друштва, Преземачот депонираше банкарска гаранција во Централниот депозитар за хартии од вредност во износ кој е доволен за да се исплатат сите иматели на акции од Фабрика КАРПОШ АД Скопје што ја прифатиле Понудата за преземање по понудената цена.
   Централниот депозитар за хартии од вредност ги префрла паричните средства на банкарската сметка која акционерот на Фабрика КАРПОШ АД Скопје што ја прифатил Понудата за преземање, ја навел во писмената изјава за прифаќање на Понудата за преземање, во рок од 8 (осум) дена по приемот на решението на Комисијата за хартии од вредност со кое се утврдува успешноста на Понудата за преземање.

6. Рокот за прифаќање на Понудата за преземање започнува на денот на објавување на Понудата за преземање и завршува 28 дена по започнувањето на рокот за прифаќање на Понудата за преземање.
   Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на 14.10.2020 година и завршува на 10.11.2020 година.

7. Не се определува најмала количина на обични акции со право на глас на кои се однесува Понудата за преземање која треба да биде прифатена за Понудата за преземање да се смета за успешна, односно Преземачот нема утврдено праг на успешност.
8. Со оглед на тоа што за стекнување на хартиите од вредност, предмет на оваа понуда за преземање не е потребна согласност од друг надлежен орган, оваа понуда не содржи услов за раскинување.

Скопје, 13.10.2020 година

НЛБ Банка АД Скопје
ФЕ 3039
03

НЛБ Банка АД Скопје

Служба за услуги со хартии од вредност